# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на Закон за лобирање |
| Одговорно лице и контакт информации: | Мимоза Киковска Стојменова, државен советник<br>Е-пошта: mpsorabotka@mjustice.gov.mk |
| Вид на Извештај | ☐ Нацрт<br>☒ Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐ Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐ НПАА<br>☒ Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☒ Друго: Државна програма за превенција и репресија на корупцијата и за превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2016-2019 година |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | / |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐ Да<br>☒ Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 12.02.2019 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | 17.09.2019 година |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | 24.09.2019 година |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | Септември 2019 година |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### *1.1 Опис на состојбите*

Законот за лобирање („Службен весник на Република Македонија", број 106/2008 и 135/11) ги уредува начелата на лобирање, условите за стекнување својство на лобист, регистрирањето на лобистите, водењето на Регистарот на лобисти, правата и должностите на лобистите, активностите кои не се сметаат за лобирање, надзорот над лобирањето и мерките што можат да му се изречат на лобистот заради непочитување на одредбите од Законот.

Од започнувањето со примената (септември 2008 година) до денес, се покажа дека Законот во пракса не ги остварува предвидените цели, со оглед на тоа што:

- во регистарот воден од Собранието на Република Македонија бил регистриран само еден лобист, а во изминатиот период нема ниту еден регистриран лобист;
- постои широко распространетото лобирање надвор од законската рамка, со скриени нелегитимни и нелегитимирани интереси;
- јавната свест и препознавањето на лобирањето се на незадоволително ниво.

Лобирањето вон законската рамка претставува ризик за корупција.

Идентификувани се и слабости во текстот на постојниот Закон кои укажуваат на потребата за:

- концизно дефинирање на поимот лобист, но и на лицата што не можат да бидат лобисти;
- јасна дистинкција меѓу активностите што се сметаат и оние што не се сметаат за лобирање;
- утврдување на опфатот на физички и правни лица што (со или без надоместок) би извршувале активности на лобирање;
- доразработка и поедноставување на процедурата за регистрирање и бришење од Регистарот на лобисти;
- уредување на постапката за вршење ефективен надзор над работата на лобистите.

Една од препораките на ГРЕКО од четвртиот круг на евалуација е да се воведат правила за односите на пратениците со лобисти и трети лица што настојуваат да влијаат врз законодавниот процес.

Во рамки на петтиот круг на евалуација, ГРЕКО препорача да се воведат правила со кои ќе се регулираат i) интеракциите на лицата што вршат највисоки извршни функции со лобисти и трети страни кои сакаат да влијаат врз процесот на донесување одлуки; и ii) редовно објавување на таквите контакти, вклучувајќи го и предметот на дискусија и идентитетот на лицата кои учествуваат и/или биле застапени на таквите состаноци.

### *1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Непрецизноста на постојниот Закон за лобирање доведува до негова нецелосна и недоследна примена и до неостварување на целите поради кои е донесен, а со тоа е и ограничена транспарентноста на институциите и носителите на одлуки од

јавен интерес, од аспект на влијанијата врз законодавниот процес и процесите на донесување на одлуки за јавни политики. Најголем дел од непрецизностите се однесуваат на дефинирањето на поимот лобист и активностите што се сметаат и што не се сметаат за лобирање; постапките за регистрирање и бришење од Регистарот на лобисти и вршењето на ефективен надзор.

## 2. Цели на предлог регулативата

Посебна цел на предлог-регулативата е да се регулира лобирањето (да се уредат условите за стекнување својство на лобист и лоби организација, регистрирањето на лобистите и лоби организациите, обврските на лобистите и лоби организациите и обврските на лицата и органите кај кои се лобира), а да се превенира прикриеното лобирање со утврдување обврска за проактивност на институциите во објавување на податоци, заради зголемување на транспарентноста по однос на лицата кои би можеле да влијаат врз процесите на подготвување, донесување и изменување на јавни политики односно програми, закони, подзаконски или други општи акти.

Општа цел на предлог-регулативата е поефикасна превенција на корупцијата преку обезбедување транспарентност на процесите на подготвување, донесување и изменување на јавни политики односно програми, закони, подзаконски или други општи акти.

## 3. Можни решенија (опции)

### *3.1 Опис на решението „не прави ништо“*

Доколку остане постојното законско решение, состојбата со констатираните проблеми ќе остане иста (натамошна нецелосна и недоследна примена на Законот).

### *3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

I. Регулаторна мерка: Да се донесе нов Закон за лобирање.

II. Комбинација од регулаторна и нерегулаторна мерка:

- Донесување на нов Закон за лобирање;
- Анализа и дополнување на етичките кодекси: Кодекс за етичко однесување на пратениците во Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, број 109/18 и 19/19), Етички кодекс за локалните функционери и Етички кодекс на членовите на Владата на Република Македонија и носителите на јавни функции именувани од Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, број 60/10);
- Спроведување на нерегулаторна мерка за јакнење на свеста и препознавањето на лобирањето (работилници, советувања, кампања).

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

### 4.1 Економски влијанија

| Мерка | Позитивно влијание | Негативно влијание |
|---|---|---|
| I. Регулаторна мерка | Посредно ограничено позитивно влијание: Унапредувањето на регулативата која уредува елементи на интегритет во јавниот сектор, со цел заштита на јавниот интерес (што вклучува и зголемена достапност на објавени информации, транспарентност и одговорност), ќе предизвика подобрување на интегритетот на правните лица во јавниот и приватниот сектор и ќе влијае на состојбите и перцепциите кои се бележат и рангираат од страна на меѓународните фактори коишто влијаат во создавање на перцепциите за Република Македонија, од аспект на почитувањето на меѓународните стандарди, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атлантските интеграции, како напредок во областа. | Нема |
| II. Комбинација од регулаторна и нерегулаторна мерка | Посредно позитивно влијание: Спроведувањето на нерегулаторна мерка за развивање на свеста за препознавање на лобирањето и унапредувањето на регулативата која уредува елементи на интегритет во јавниот сектор, со цел заштита на јавниот интерес (што вклучува и зголемена достапност на објавени информации, транспарентност и одговорност), ќе предизвикаат подобрување на интегритетот на правните лица во јавниот и приватниот сектор и ќе влијае на состојбите и перцепциите кои се бележат и рангираат од страна на меѓународните фактори коишто влијаат во создавање на перцепциите за Република Македонија, од аспект на почитувањето на меѓународните стандарди, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атлантските интеграции, како напредок во областа. | Нема |

### 4.2 Фискални влијанија

| Мерка | Позитивно влијание | Негативно влијание |
|---|---|---|
| I. Регулаторна мерка | Нема да произлезат фискални импликации, поради тоа што предвидениот административен товар и материјалните трошоци не се значителни за со соодветна организација да не можат да се покријат во рамки на финансиските средства ставени на располагање. | Нема |

| | | |
|---|---|---|
| *II. Комбинација од регулаторна и нерегулаторна мерка* | *Нема да произлезат фискални импликации, поради тоа што предвидениот административен товар и материјалните трошоци не се значителни за со соодветна организација да не можат да се покријат во рамки на финансиските средства ставени на располагање или во рамки на предвидени проекти со/инструменти за финансиска поддршка од меѓународни институции и организации.* | *Нема* |

## *4.3 Социјални влијанија*

| *Мерка* | *Позитивно влијание* | *Негативно влијание* |
|---|---|---|
| *I. Регулаторна мерка* | *Посредно ограничено позитивно влијание:*<br>*Унапредувањето на регулативата која уредува елементи на интегритет во јавниот сектор, со цел заштита на јавниот интерес (што вклучува и зголемена достапност на објавени информации, транспарентност и одговорност, заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Македонија), посредно до одреден степен ќе предизвика подобрување на состојбите во работната и социјалната сфера.* | *Нема* |
| *II. Комбинација од регулаторна и нерегулаторна мерка* | *Посредно позитивно влијание:*<br>*Унапредувањето на регулативата која уредува елементи на интегритет во јавниот сектор, со цел заштита на јавниот интерес (што вклучува и зголемена достапност на објавени информации, транспарентност и одговорност, заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Македонија), како и спроведувањето на нерегулаторна мерка за развивање на свеста за препознавање на лобирањето, до одреден степен ќе предизвика подобрување на состојбите во работната и социјалната сфера.* | *Нема* |

## *4.4 Влијанија врз животната средина*

| *Мерка* | *Позитивно влијание* | *Негативно влијание* |
|---|---|---|
| *I. Регулаторна мерка* | *Посредно ограничено позитивно влијание:*<br>*Унапредувањето на регулативата која уредува елементи на интегритет во јавниот сектор, со цел заштита на јавниот интерес (што вклучува и зголемена достапност на објавени* | *Нема* |

| | | |
|---|---|---|
| | *информации, транспарентност и одговорност, заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Македонија, вклучително и правото на чиста и здрава животна средина), до одреден степен посредно ќе предизвика подобрување на состојбите со животната средина.* | |
| *II. Комбинација од регулаторна и нерегулаторна мерка* | *Посредно позитивно влијание:*<br>*Унапредувањето на регулативата која уредува елементи на интегритет во јавниот сектор, со цел заштита на јавниот интерес (што вклучува и зголемена достапност на објавени информации, транспарентност и одговорност, заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Македонија, вклучително и правото на чиста и здрава животна средина), како и спроведувањето на нерегулаторна мерка за развивање на свеста за препознавање на лобирањето, до одреден степен ќе предизвика подобрување на состојбите со животната средина.* | *Нема* |

### *4.5 Административни влијанија и трошоци –*

а) трошоци за спроведување

а.1) Се предвидуваат незначителни трошоци кои произлегуваат од:

- административниот товар и материјалниот трошок за:
    - o спроведувањето на постапката за запишување во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање и вршењето на проверките и
    - o спроведувањето на советувања, работилници и кампања за примена на новиот Закон за лобирање (за опција II)

кои се предвидуваат со дејствија кои се вршат во рамки на постојните надлежности на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК).

а.2) Се предвидуваат незначителни трошоци за органите на законодавната власт, извршната власт и на единиците на локалната самоуправа кои произлегуваат од:

- административниот товар и материјалниот трошок за:
    - o спроведувањето на внатрешни акти со кои ќе се утврдат процедури односно правила со кои ќе се уредат: остварувањето и евиденцијата на контактите со цел лобирање; идентификувањето и евиденцијата на лицата кои остваруваат контакти во институциите; транспарентни процеси на подготвување, донесување и изменување на јавни политики односно програми, закони или подзаконски или други

општи акти, што вклучуваат објавување на податоци за идентитетот на сите учесници во процесот, субјектите чии интереси биле застапувани, условите под кои учеството било остварено и исплатените надоместоци за истото; проактивно објавување на соопштенија за остварени официјални средби и состаноци, со податоци за присутните учесници и предметот на дискусија.

кои се предвидуваат со дејствија кои се вршат во рамки на постојните надлежности на органите.

Износ на вкупни трошоци од административен товар за спроведување:

Опција I. Регулаторна мерка:

1.006.225,60 денари

Опција II. Комбинација од регулаторна и нерегулаторна мерка:

2.335.809,60 денари

б)трошоци за почитување на регулативата

б.1) Се предвидуваат незначителни трошоци за органите на законодавната власт, извршната власт и на единиците на локалната самоуправа кои произлегуваат од:

- административниот товар и материјалниот трошок за:
    - спроведувањето на внатрешни акти со кои ќе се утврдат процедури односно правила со кои ќе се уредат: остварувањето и евиденцијата на контактите со цел лобирање; идентификувањето и евиденцијата на лицата кои остваруваат контакти во институциите; транспарентни процеси на подготвување, донесување и изменување на јавни политики односно програми, закони или подзаконски или други општи акти, што вклучуваат објавување на податоци за идентитетот на сите учесници во процесот, субјектите чии интереси биле застапувани, условите под кои учеството било остварено и исплатените надоместоци за истото; проактивно објавување на соопштенија за остварени официјални средби и состаноци, со податоци за присутните учесници и предметот на дискусија.

кои се предвидуваат со дејствија кои се вршат во рамки на постојните надлежности на органите.

б.2) Се предвидуваат незначителни трошоци за физички лица кои се пријавуваат да бидат запишани во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање, и тоа за приложување копија од исправа за идентификација, а за правните лица кои се пријавуваат како лоби организации да бидат запишани во Регистарот на лобисти, лоби организации и лобирање, и тоа за обезбедување доказ дека правното лице е регистрирано во Централниот регистар; за странски лица и заверен превод на прилозите кои ги доставува на друг јазик со пријавата за запишување во Регистарот.

Износ на вкупни трошоци за почитување:

Опција I. Регулаторна мерка:

Дополнителни за почитување: 60.706.241,28 денари

За спроведување: 1.006.225,60 денари
Вкупно: 61.712.466,88

Опција II. Комбинација од регулаторна и нерегулаторна мерка:
Дополнителни за почитување: 60.706.241,28 денари
За спроведување: 2.335.809,60 денари
Вкупно: 63.042.050,88

*[Прилог: матрици мст (2)]*

## 5. Консултации

### *5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

Засегнати страни се ДКСК, органите на законодавната власт, извршната власт и единиците на локалната самоуправата, како и лицата кои се заинтересирани да вршат лобирање, влијаат или сакаат да влијаат врз процесите на донесување односно менување на закони, други прописи и општи акти или јавни политики/програми.

Начин на вклучување: учество во работна група и консултации преку ЕНЕР.

### *5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

Мислење од анти-корупциска проверка спроведена од страна на ДКСК: ДА, нема ризици за корупција кои би произлегле со донесување на предложениот закон.

Мислење од ДКСК: Делумно прифатено мислење. Забелешките се прифатени во следните делови:

- усогласување на терминологијата и конзистентност на одредбите;
- утврдување начин на идентификација на лобистот/претставникот на лоби организацијата при остварување на контакт со цел лобирање;
- донесувањето на етички кодекс за лобисти и лоби организации да не биде во надлежност на ДКСК;
- потпишувањето на изјавата за прифаќање на етичкиот кодекс да не претставува услов за регистрирање на лобисти и лоби организации.

Мислење од Секретаријатот за законодавство: Прифатени забелешки кои се однесуваат на:

- утврдувањето на роковите од членовите 11 став (1), 13 став (3), 17 став (2) , 18 ставови (2) и (4) и 27 став (2) - да се утврди од кога роковите почнуваат да течат;
- преформулирање на член 24 став (2), во смисла на утврдување на рок за известување и доставување на внатрешните акти до ДКСК, а во преодните и завршни одредби да се утврди рок во кој органите кај кои се лобира ќе треба да ги утврдат внатрешните акти од влегувањето во сила на законот;
- утврдувањето на престанокот на важењето на постојниот Закон за лобирање – да биде кога ќе започне примената на предложениот закон.

- правно-техничко подобрување на текстот.

Мислење од Министерство за информатичко општество и администрација: Без забелешки.

### *5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

- Називот на Регистарот, што се подразбира под "лобирање" во називот на Регистарот (ДКСК);
  Причини за неприфаќање: Називот е проширен за да ги опфати сите делови на Регистарот. Регистарот не е предвиден да биде само список на лобисти и лоби организации, туку да содржи и извештаи, записници и процедури (оттука и за лобирање).
- Многу елементи потребни за пријавата – документација што потоа треба да ја проверува ДКСК- нерационално (ДКСК);
  Причини за неприфаќање: За запишување во Регистарот, не е предвидено ДКСК да проверува веродостојност на поднесените податоци и документи, туку само потполност на пријавата и приложената документација.
- Не е потребно се набројуваат институции од кои би се барале податоци – ДКСК има пракса во постапување при барање на податоци (ДКСК);
  Причини за неприфаќање: Предложената одредба не се однесува толку на ДКСК колку што предвидува должност за институциите да постапат по барањата на ДКСК врз основа на одредба од Законот за лобирање.
- Нејасно е што треба да се уреди со внатрешни акти – процедура за контакти со лобисти или: член 24 став (1) алинеја 2 и 3 - "транспарентни процеси на подготвување на, донесување и изменување на јавни политики односно програми...";
  Причини за неприфаќање: Алинеите 1, 2 и 3 од предложениот член 24 не се истоветни, предвид дефиницијата за лобисти и лобирање и со исклучок на алинеја 1 не се однесуваат само за лобистите и лоби организациите. Оттука се работи за различни процедури.
- Објавувањето на процедури за остварување контакти со лобисти е непотребно обременување на ДКСК; и
- Предложениот член 25 е во контекст на севкупната транспарентност на органите, а не само во однос на лобирањето;
  Причини за неприфаќање: Објавувањето на процедури за остварување контакти со лобисти е во прилог на олеснето спроведувањето на надзорот за кој се предлага да го врши ДКСК. Исто така, со предложените одредби се инкорпорираат препораките на ГРЕКО кои се однесуваат на контакти со лобисти и други трети лица, што е во прилог на градење институционална свест за лобирањето, транспарентноста на процесите и спречување на прикриено лобирање.

- Пропишаните обврски за лицата кој кои се лобира и предвидените санкции, доколку истите се прекршат, ќе го направат лобирањето уште "по не популарно" и помалку прифатливо;

  Причини за неприфаќање: Обврската за изготвување на записник ќе биде олеснета со пропишувањето на образецот. Целта на законот е да се регулира лобирањето, а не тоа да стане популарно.

- Културата на лобирање, која и досега беше на исклучително ниско ниво, уште повеќе ќе се оддалечи од својот позитивен контекст;

  Причини за неприфаќање: Единствено регулираното лобирање и транспарентите постапки може да се претставаат во позитивен контекст.

## 6. Заклучоци и препорачано решение

### *6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

I. Регулаторна мерка:

Посредно ограничено позитивно економско и социјално влијание, како и посредно ограничено позитивно влијание врз животната средина. Предизвикува незначителни административни влијанија и трошоци.

Негативното влијание: Нема.

II. Комбинација од регулаторна и нерегулаторна мерка

Посредно ограничено позитивно економско и социјално влијание, како и посредно ограничено позитивно влијание врз животната средина. Предизвикува незначителни административни влијанија и трошоци.

Негативното влијание: Нема.

### *6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

I. Регулаторна мерка

Ризик: Има - кој произлегува од свеста за препознавање на лобирањето кое е на незадоволително ниво.

II. Комбинација од регулаторна и нерегулаторна мерка

Ризик: Нема.

### *6.3 Препорачано решение со образложение*

Се препорачува следното решение:

II. Комбинација од регулаторна и нерегулаторна мерка:

- Донесување на нов Закон за лобирање,
- анализа и дополнување на етичките кодекси: Кодекс за етичко однесување на пратениците во Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија", број 109/18 и 19/19), Етички кодекс за локалните функционери и Етички кодекс на членовите на Владата на Република Македонија и носителите на јавни функции

именувани од Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија", број 60/10),

- спроведување на нерегулаторна мерка за јакнење на свеста и препознавањето на лобирањето (работилници, советувања, кампања).

Образложение:

Препорачаното решение има посредно позитивно економско и социјално влијание, како и посредно позитивно влијание врз животната средина. Има административни влијанија и трошоци кои се повеќекратно помали од позитивните ефекти кои се очекуваат.

Негативното влијание: Нема.

Ризик: Нема.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

### *7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

- Кодекс за етичко однесување на пратениците во Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија", број 109/18 и 19/19)
- Етички кодекс за локалните функционери

### *7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

- Подзаконски акт со кој ќе се пропише формата и содржината на образецот за пријавата за запишување во Регистарот за лобисти, лоби организации и лобирање и изјавите за непостоење на ограничувањата за вршење на лобирање.
  Рок: 6 месеци од денот на влегување во сила на законот.
  Надлежна институција: Државна комисија за спречување на корупцијата
- Подзаконски акт за образецот за извештајот за својата активноста на лобистот/лоби организацијата
  Рок: 6 месеци од денот на влегување во сила на законот.
  Надлежна институција: Државна комисија за спречување на корупцијата
- Подзаконски акт со кој ќе се пропише формата и содржината на образецот за записникот од остварен контакт со цел лобирање
  Рок: 6 месеци од денот на влегување во сила на законот.
  Надлежна институција: Државна комисија за спречување на корупцијата
- Внатрешни акти со кои ќе се утврдат процедури односно правила со кои ќе се уредат:
  - остварувањето и евиденцијата на контактите со цел лобирање;
  - идентификувањето и евиденцијата на лицата кои остваруваат контакти во институциите;

- транспарентни процеси на подготвување, донесување и изменување на јавни политики односно програми, закони или подзаконски или други општи акти, што вклучуваат објавување на податоци за идентитетот на сите учесници во процесот, субјектите чии интереси биле застапувани, условите под кои учеството било остварено и исплатените надоместоци за истото;

- проактивно објавување на соопштенија за остварени официјални средби и состаноци, со податоци за присутните учесници и предметот на дискусија.

Рок: 6 месеци од денот на влегување во сила на законот

Надлежни институции: Органите на законодавната власт, извршната власт и на единиците на локалната самоуправа.

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

Органите на законодавната власт, извршната власт и на единиците на локалната самоуправа.

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

Спроведување на нерегулаторна мерка за јакнење на свеста и препознавањето на лобирањето: работилници, советувања, кампања.

## 8. Следење и евалуација

*8.1 Начин на следење на спроведувањето*

План за спроведување на предложениот закон по неговото донесување:

1. Имплементација на нерегулаторни мерки во периодот од влегувањето во сила на предложениот закон до почетокот на неговата примена, за јакнење на свеста за законот кај јавноста (една година), а во периодот од шест месеци од влегувањето во сила на предложениот законот нерегулаторни мерки да се имплементираат со посебен фокус на органите на законодавната власт, извршната власт и на единиците на локалната самоуправа;

2. Донесување на подзаконските акти и внатрешните акти во роковите наведени во делот 7.2 „Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување" од овој извештај;

3. Имплементација на нерегулаторни мерки за јакнење на свеста за законот кај јавноста најмалку еднаш годишно од денот на започнувањето на примената на законот;

4. Надзорот над примената на одредбите од предложениот закон да го врши ДКСК, годишно од започнувањето на примената на законот, со користење на податоците од Регистарот за лобисти, лоби организации и лобирање. Податоци од спроведениот надзор да се објавуваат во рамки на годишниот извештај за работата на Државната комисија.

### *8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

Евалуација на ефектите од предложениот закон ќе се врши годишно, од започнувањето на неговата примена. Податоци од спроведениот надзор ќе се објавуваат во рамки на годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Основни параметри кои ќе се следат:

- Број на регистрирани лобисти/лобира организации; (индикатор: >0)
- Број на писмени извештаи поднесени од регистрирани лобисти/лоби организации; (индикатор: >0 годишно)
- Број на записници од остварени контакти со цел лобирање; (индикатор: >0 годишно).

Министерството за правда ќе подготви извештај од оценка на спроведувањето на Законот за лобирање, по изминување на пет години од датумот на почеток на примената на Законот, согласно Методологијата за оценка на спроведувањето на регулативата.

**Изјава од министерот**

**Предлог извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум:** 09.10.2019 год.

..........................................

**потпис на министерот**

Изготвил: Елена Димовска, советник

Согласен: Мимоза Киковска – Стојменова, државен советник

## СИСТЕМАТИЗИРАНИ ТРОШОЦИ СПОРЕД МОДЕЛОТ НА СТАНДАРДНИ ТРОШОЦИ (Опција I и II - за почитување)

### Закон за лобирање

| Правна процедура | Опис на обврска за известување (ОИ) | Опис на административна активност (АА) | Тарифа по минута | | Потребно време (во минути) | | Други значајни трошоци за усогласување со правната процедура (Годишно) | Режиски трошоци | Цена | Популација (број на засегнати субјекти) | Број на годишно повторување (фреквенција) | Процент на прифатеност од субјектите (од 0 до 100%) | Количина | Вкупен административен товар по одредена активност | Вкупно административен товар по одредена информација | Вкупно административен товар по одредена правна процедура |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Интерно | Екстерно | Интерно | Екстерно | | | | | | | | | | |
| Опције | Трошоци за почитување за органите кај кои се лобира | Консултации | 1,96 | | 1.440 | 1.440 | 0 | 1,30 | ***3.669,12*** | 113 | 365 | 40% | ***16.498,00*** | 60.533.141,76 | 60.646.141,76 | 60.706.241,28 |
| | | Опрема | 1,96 | | | | 1.000 | 1,30 | ***1.000,00*** | 113 | 1 | 100% | ***113,00*** | 113.000,00 | | |
| | Трошоци за почитување за лицата кои се пријавуваат за лобисти/лоби организации | Поднесување пријава/ажурирање на податоци за Регистарот | 1,96 | | 480 | 240 | 1.000 | 1,30 | ***2.223,04*** | 13 | 1 | 100% | ***13,00*** | 28.899,52 | 60.099,52 | |
| | | Други трошоци | 1,96 | | | | 3.000 | 1,30 | ***3.000,00*** | 13 | 1 | 80% | ***10,40*** | 31.200,00 | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | Вкупно дополнителен административен товар за почитување | 60.706.241,28 |
| | | | | | | | | | | | | | | | Опција 1: Вкупно административен товар за почитување (со спроведување) | 61.712.466,88 |
| | | | | | | | | | | | | | | | Опција 2: Вкупно административен товар за почитување (со спроведување) | 63.042.050,88 |

# СИСТЕМАТИЗИРАНИ ТРОШОЦИ СПОРЕД МОДЕЛОТ НА СТАНДАРДНИ ТРОШОЦИ (Опција I и II - за спроведување)

## Закон за лобирање

| Правна процедура | Опис на обврска за известување (ОИ) | Опис на административна активност (АА) | Тарифа по минута – Интерно | Тарифа по минута – Екстерно | Потребно време (во минути) – Интерно | Потребно време (во минути) – Екстерно | Други значајни трошоци за усогласување со правната процедура (Годишно) | Режиски трошоци | Цена | Популација (број на засегнати субјекти) | Број на годишно повторување (фреквенција) | Процент на прифатеност од субјектите (од 0 до 100%) | Количина | Вкупен административен товар по одредена активност | Вкупно административен товар по одредена информација | Вкупно административен товар по одредена правна процедура |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Опции | Основни трошоци за спроведување (Опција 1) | Консултации | 1,96 | | 1.440 | 1.440 | 20.000 | 1,30 | ***23.669,12*** | 100 | 1 | 40% | ***40,00*** | 946.764,80 | 1.006.225,60 | 2.335.809,60 |
| | | Опрема | 1,96 | | | | 20.000 | 1,30 | ***20.000,00*** | 1 | 1 | 100% | ***1,00*** | 20.000,00 | | |
| | | Формална проверка на пријави и внесување во регистарот и ажурирање на податоци во регистарот | 1,96 | | 20 | | 500 | 1,30 | ***550,96*** | 1 | 30 | 100% | ***30,00*** | 16.528,80 | | |
| | | Време поминато на проверка на податоци | 1,96 | | 60 | 4.320 | | 1,30 | ***152,88*** | 10 | 30 | 50% | ***150,00*** | 22.932,00 | | |
| | Дополнителни трошоци (нерегулаторни мерки) за спроведување на опција 2 | Обуки | 1,96 | | 1.440 | 1.440 | 1.000 | 1,30 | ***4.669,12*** | 100 | 1 | 100% | ***100,00*** | 466.912,00 | 852.912,00 | |
| | | Обучувачи | 1,96 | | | | 186.000 | 1,10 | ***186.000,00*** | 1 | 1 | 100% | ***1,00*** | 186.000,00 | | |
| | | Организација на обуки | 1,96 | | | | 200.000 | 1,30 | ***200.000,00*** | 1 | 1 | 100% | ***1,00*** | 200.000,00 | | |
| | Дополнителни трошоци (нерегулаторни мерки) за спроведување на опција 2 | Печатење на промотивен материјал | 1,96 | | | | 476.672 | 1,30 | ***476.672,00*** | 1 | 1 | 100% | ***1,00*** | 476.672,00 | 476.672,00 | |
| | | | | | | | | | | | | | | | Вкупно административен товар за опција 2 | 2.335.809,60 |
| | | | | | | | | | | | | | | | Вкупно административен товар за опција 1 | 1.006.225,60 |